мета. Кандидати кои што добијат слаби оценки по три предмета ке бидат одбиени на една година.

б) Ученици кои завршиле завршниот клас со одличен успех и одлично поведение и на писмениот испит добиле оценка најмалку многу добар (4) од сите предмети, можат да бидат ослободени од усните испити со решение на Испитната комисија.

Чл. 19

а) Усниот деп на завршниот испит не почне најдоцна три дена после писмените испити. Само ако има повеке од тридесет кандидата испитната комисија може да реши да биде мег'у времето 4 дена.

б) На усниот дел на завршниот испит задолжително треба да присаствуват сите членови на Иииспитната комисија

в) Усниот деп на испитот од еден предмет за еден кандидат ка трае 15 минути.

г) Преподавателот е должен да му каже на ученикот само онова што е потребно да го разбере правилно прашањето и текот на одговорот. Инако на кандидатот ке се остави слободно и самостојно да одговара на прашањето и без помош на преподавателот да го покаже своето знање.

д) Претседателот на Испитната комисија може ако најде за нужно да го скрати или продолжи испитувањето но не повеке од 5 минути.

Чл. 20

а) За еден ден на усниот испит да се испитат 30 кандидата — 15 пред пладне и 15 по пладне. Распоредот на кандидатите за полагање за секој еден и секоја група ке се направи од порано и ке им се соопштува кога и со кое решение ке се пуштат на устен испит.

б) Испитувањето ке се врши секој ден по еден предмет. Во случај да има помалку од 15 кандидата и по 2 предмета на ден.

в) Прашањата на усниот испит се поставува со извлечување на ливчиња. Предметниот преподавател ги составува 10 дена пред испитот прашањата. Истите се прегледуват и одобрuват од Испитната Комисија. По 3 прашања од целата мината материја по предметот се напишат ливчиња кои ги чува во подпечатен плик директорот. Сите ливчиња со запишаните прашања па 1 предмет треба да бидат од иста хартија, со еднаква големина, без никакви знакови или валканици на неисполнетата страна и под печатени со училишниот печат.

Бројот на ливчињата треба да биде за 10 повек'е од бројот на кандидатите.

На испитот подпечатениот плик со ливчињата се отвара од претседателот пред членовите на Испитната комисија и секој кандидат зема по едно ливче.

Пред секоја група кандидати се изнесуват сите не извлечени прашања. Ливчињата што се еднаш извлечени и на чии што прашања кандидатите одговориле, не се земат во предвид.

г) Ако кандидатот најмногу 5 минути по извлекувањето на ливчето изјави дека не е во состојание да одговори на прашањата ке му се допушти да земе друго ливче. Првото извлечено ливче се врак'а мег'у другите неизвлечени. Повторно извлеченото ливче ке се внесе во записник и ке се има во предвид при оценувањето на кандидатот. Ливчето може да се промени само еден пат.

Чл. 21

а) Штом не со заврши усниот испит со една група кандидати, Испитната Комисија ке реши за одлуката поодделно за секој кандидат. Оваја оценка напоредно со оцен ка од писмениот испит ке се внесе во записникот со зборови и бројки.

б) За секој кандидат предметниот преподавател ке предложи оценка за усниот испит, а Испитната комисија ке донесе решение по това. Општи оценки ке ги изведе Испитната комисија од оценките што ги добил кандидатот на писмениот и усмениот испит, не сметајки ги аритметички, но според општото впечатление што го оставил кандидатот. Ако на се даде едногласна оценка се пристапува на поимено гласање и одлуката се донесува со повеке гласови. При еднаква поделба на гласовите, ке се зема како усвоен оној предлог за кој што гласал претседателот.

в) За секој усмен испит ке се води записник во кој што на кратко се внесе кои кандидати и по нoј ред се испитани и поставените прашања. Овој записник после свршениот устен испит за секоја група кандидати ке го потпишат сите членови на Испитната комисија.

г) На секој член на комисијата се допушта да го внесе своето одделно мнение во записникот. Општи оценки се внесуват во записникот со зборови и бројки.

Чл. 22

а) Од како се утврдат оценките на кандидатите од поведението и сите предмети од завршниот испит Испитната комисија ке донесе решење по записникот дали кандидатот го положил испитот или не. Кандидатот ке го положи испитот ако по сите предмети добие најмалку оценка доволен (2).

б) Решењето на Испитната комисија во записникот ке гласи:

1) Положиле завршниот испит со средна оценка — — овија кандидати: — — —

2) Ке полагат поправителен испит по еден предмет.

3) Ке полагат поправителен испит по 2 предмета.

4) Се одбиени на 1 година — — — — — — — — — — —

в) Утврдените оценки од поведението и предметите ке се внесат од записникот во главниот испитен протокол, каде што ке се внесе на кратко во „Забелешката" решението за поодделен кандидат.

Протоколот ке го потпишат сите членови на испитната комисија.

г) Резултатот од завршниот испит не го соопшти на сите кандидати претседателот на Испитната комисија по завршувањето, а во присаствие на сите членови на испитната комисија.

Чл. 23

а) Директорот на училиштето ке испрати на Министерството за трговија и снабдување на Н. Р. М. најдоцна 14 дена по испитот извештаи за текот на испитот.

б) По свршувањето на испитот пратеникот на Министерството за трговија и снабдување на НРМ е должен да во истиот срок поднесе на Министерството, извештај за целиот испит, во кој што ке биде приложен текстот на писмените задачи и краток извештај со евентуални примедби.

Чл. 24

На положилите кандидати завршниот испит им се дава дипломи најдоцна 8 дена од завршувањето на испитот. На кандидатите кои што не го положиле испитот, директорот не им забележи во ѓачното свидетелство за завршниот клас. Во дипломата за завршниот испит ке се внесат освен оценките од предметите што се полагат на испитот и годишните оценки по другите предмети на завршниот клас и утврдената оценка по поведението. Дипломата на завршниот испит е потпишуват сите членови на испитната комисија.

писник и ке се има во предвид при оценуењето на кандидатот. Лначето може да се промени само оден пат.

Чл. 21

а) Штом ке се заврши испитот со една група кандидати, испитната Комисија ке реши за одлуката пооделно за секој кандидат. Оваја оценка напоредно со оценката од писмениот испит ке се внесе во записникот со зборови и бројки.

б) За секој кандидат предметниот преподавател ке предложи оценка за усниот испит, а испитната Комисија ке донесе решение по това. Општи оценки ке ги изведе испитната Комисија од оценките што ги добил кандидатот на писмениот и усмениот испит, не сметајки ги аритметички, но според општото впечатление што го оставил кандидатот. Ако не се даде едногласна оценката, се пристапува на поимено гласање и одлуката се донесува со повеќе гласови. При еднаква поделба на гласовите, ке се земе како усвоен оној предлог за кој што гласал Претседателот.

в) За секој уснен испит ке се води записник во кој што на кратко се внесе кои кандидати и по кој ред са испитани поставените прашања. Овој записник после свршениот устен испит за секоја група кандидати ке го подпишат сите членови на испитната Комисија.

г) На секој член на Комисијата се допушта да го внесе своето одделно мнение во записникот. Општи оценки се внесуат во записникот со зборои и бројки.

Чл. 22

а) Од како се утврдат оценките на кандидатите од поведението и сите предмети од завршниот испит испитната комисија ке донесе решение во записникот да ли кандидатот го положил испитот или не. Кандидатот ке го положи испитот ако по сите предмети добие најмалку оценка добар.

б) Решението на комисијата во записникот ке гласи:

1. Положиле завршниот испит.
2. Ке полагат поправителен испит по еден предмет.
3. Ке полагат поправителен испит по два предмета.
4. Се одбиени на една година.

в) Утврдените оценки од поведението и предметите ке се внесат од записникот во главниот испитен протокол каде што не се внесе на кратко во „забелешката" решението за поодделни кандидат

Протокол ке го потпишат сите членови на испитната комисија.

г) Резултатот од завршниот испит ке го соопшти на сите кандидати Претседателот на испитната комисија по завршувањето а во присаствие на сите членови на испитната Комисија.

Чл. 23

а) Директорот на училиштето ке испрати на Министерството за земјоделие најдоцна 14 дена по испитот извештај за текот на испитот.

б) По свршуење на испитот претставникот на Министерството за земјоделие е должен да во истиот срок поднесе на Министерството извештај за целиот испит, во кој што не биде приложен текстот на писмените задачи и краток извештај со евентуални примедби.

Чл. 24

На положилите кандидати завршниот испит им се даваат дипломи најдоцна осум дена од завршуењето на испитот. На кандидатите кои што не го положиле испитот, директорот ке им забележи това во нивното свидетелство за завршниот клас Во дипломата за завршниот испит ке се внесат освен оценките од предметите што се полагат на испитот и годишните оценки по другите предмети на завршниот клас и утврдената оценка по поведението. Диплома на завршени от испит е подпишуват сите членови на испитната Комисија

Чл. 25

Овој Правилник стапуа на снага со денот на објавувањето му во „Службен весник на Н. Р. Македонија" и од тогај престануват да важат сите одредби кои се противни на овој Правилник.

Бр. 12.944, 1 VI 1948 год. Скопје

Министер,
за земјоделие на Н. Р. Македонија
В. Бурзевски, с. р.

## 106

Врз основа на т. 1 под д) од Наредбата на Министерот за трговија и снабдување на ФНРЈ бр. за државните (сврзаните) цени на земјоделските производи) „Службен лист на ФНРЈ Бр. 29/48 год. (и точка 1 под а) Решението на Министерот за трговија и снабдување на ФНРЈ бр. 5 за купување речна риба и жуковина (брнистра) по сврзани цени) „Службен лист на ФНРЈ бр. 36/48 год. и Наредбата бр. 6 на Министерството на трговијата и снабдувањето на ФНРЈ (Службен лист на ФНРЈ бр. 41/48 год.) издавам следната:

# НАРЕДБА

За државните (сврзани) цени на езерската и речната риба од река Вардар, Треска и Црна Река, и за претријатијата овластени за откуп на истите на подрачјето на Народна Република Македонија.

1.

Езерската риба на подрачјето на Народна Република Македонија к'е се откупува од производителите по следните цени:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Пастрмка | | | | | |
| а) Коран (машки) | 35 | дин. | за | еден | кгр. |
| б) Пастрмка (женска) | 32 | „ | „ | „ | „ |
| в) Летица | 35 | „ | „ | „ | „ |
| 2. Јегуља | 33 | „ | „ | „ | „ |
| 3. Сом | 25 | „ | „ | „ | „ |
| 4. Белица (Охридска) | 24 | „ | „ | „ | „ |
| 5. Мрена | 22 | „ | „ | „ | „ |
| 6. Крап | 22 | „ | „ | „ | „ |
| 7. Чавра (мал крап) | 16 | „ | „ | „ | „ |
| 8. Гоцари | 16 | „ | „ | „ | „ |
| 9. Платина | 20 | „ | „ | „ | „ |
| 10. Машкудан | 12 | „ | „ | „ | „ |
| 11. Црвеноперка | 9 | „ | „ | „ | „ |
| 12. Клен и скобут | 9 | „ | „ | „ | „ |

2.—

Речната риба на подрачјето на Народна Република Македонија к'е се откупува од производителите по следните цени:

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Пастрмка | | | | | |
| а) Коран (машки) | 36 | дин. | за | еден | кгр. |
| б) Пастрмка (женска) | 33 | „ | „ | „ | „ |
| 2. Јегуља | 34 | „ | „ | „ | „ |
| 3. Сом | 26 | „ | „ | „ | „ |
| 4. Мрена | 23 | „ | „ | „ | „ |
| 5 Крап | 23 | „ | „ | „ | „ |
| 6. Чавра (мал крап) | 17 | „ | „ | „ | „ |
| 7. Платина | 20 | „ | „ | „ | „ |
| 8. Црвеноперка | 10 | „ | „ | „ | „ |
| 9. Клен и скобут | 10 | „ | „ | „ | „ |

3.—

Езерската риба и од река Вардар, Треска и Црна Река, к'е ја откупуват рибарските, кооперации и локалните претпријатија за снабдување населението со месо.

4.—

Цените под 1) се подразбираат франко откупни станица на претпријатието односно кооперацијата во седиштето на околијата.

5.—

Прописите на Наредбата на ова Министерство бр. 6155 од 13. V. 1948 год. престануват да важат.

6.—

Оваа Наредба влегува во сила веднаш.

Бр. 3751 29. V. 1948 год. Скопје

Министер
за трговија и снабдување НРМ
Д. Бојановски с. р.

## 107

Врз основа на Решението на Министерството на трговијата и снабдувањето на ФНРЈ бр. 7416 од 15. V. 1948 год. за задолжително пријавување и предавање на животински технички масноти издавам следната

## НАРЕДБА

за задолжително пријавување и предавање на животински технички масноти на подрачјето на Народна Република Македонија.

1

Сите државни, кооперативни и приватни претпријатија ва подрачјето на Народна Република Македонија кои што вршат колење на ситен и крупен добиток должни се да ги пријават добиените количини животињски технички масноти т. е. целокупниот лој од еден добиток од надлежниот околиски градски народен одбор — управа за откуп на земјоделски произведенија и истите количини да ги стават на располагање на Претпријатието за откуп на стока и сточни произведенија „Сточар“ — Скопје, односно на неговите откупни станици или од него овластени претпријатија и кооперации.

2

Претпријатијата поменати во т. 1 од оваа Наредба пријавувањето на добиените количини животински технички масноти к'е го вршат секидневно, а предавањето на истите масноти на Претпријатието „Сточар“ односно на неговите откупни станици или од него овластени претпријатија најдоцна за 15 дена од денот на колењето.

3

Претпријатието „Сточар“ располага со откупните технички масноти пом. во т. 1. по диспозициите добиени од овоа Министерство.

4

Во однос на животинските технички масноти добиени од козите, претпријатијата поменати во т. 1. должни се за секоја заклана коза да предадат по 2 кгр. масноти (лој) под условијата од т. 1 и 2 од оваја Наредба.

5

Се задолжува Претпријатието „Сточар“ да веднаш организира присобирањето на животинските технички масноти.

6

Животински технички масноти и лојот к'е се откупува во определените откупни цени.

7

Оваа Наредба стапува во снага веднаш.

Број 4125, 29 мај 1948 од Скопје

Министер
за трговија и снабдување
Д. Бојановски с. р.

## 108

Врз основа на Т. 2 од Напатствието на Министерот на трговијата и снабдувањето на ФНРЈ за одредување растенија, а во согласие со Министерот за индустрија и рударство и Министерот за земјоделие издавам следното

## РЕШЕНИЕ

За одредување претпријатија кои што к'е откупуват сирови кожи, индустриски билки и семенска стока на подрачјето на Н. Р. Македонија.

1

Сировите кожи на подрачјето на Н. Р. Македонија к'е ги откупува претпријатието за откуп на стока и сточни произведенија „СТОЧАР“ — Скопје.

Индустриски билки на подрачјето на Н. Р. Македонија к'е ги откупува Главната републиканска дирекција на прехранбената индустрија — Скопје

Семенската стока на подрачјето на Н. Р. Македонија к'е откупуват:

1) Државното стопанско претпријатие за снабдување на земјоделието со семиња „Семенцентрала“ во сите државни земјоделски стопанства од републиканско значење, во гр. Скопје и во скопска околија.

2) Во околиите: Битола, Прилеп, Штип, Струмица Св. Николе, Охрид, Куманово, Тетово и Титов Велес, новоформираните претпријатија од локално значење за откуп на семенска стока; и

3) Во сите други околии окоопсите - отсеците за семенска служба.

2.

Овоа Решение стапува на снага веднаш.

Бр. 3638 од 15-V-1948 год. Скопје.

Министер
на трговија и снабдување
Д. Бојановски с. р.

Согласни:

Министер за индустрија и рударство
Г. Василев с. р.

Застапува
Министерот за земјоделие
К. Симовски с. р.

## 109

Врз основа на чл. 1 ст III од Наредбата на Министерството за трговија и снабдување на ФНРЈ за државните (врзани) цени на арпаџик бринстра (жука), а во согласие со Министерот на земјоделие на Н. Р. Македонија, донесувам следно:

## РЕШЕНИЕ

За државните (сврзаните) цени на арпаџикот на подрачјето на Народна Република Македонија.

1

За купување на арпаџик на подрачјето на Народна Република Македонија се одредуват следните државни (врзани) цени:

I — класа пролетни 18 дин.
II — класа пролетни 16 дин.
III — класа пролетни 14 дин.

2.

Предните цени се подразбират франко вагон или магацин на откупното претпријатие или кооперација во околиско место, а по избор на купувачот.

3.

Оваа Решение станува на снага веднаш.

Бр. 3746, 19 мај 1948 год. Скопје

Министер
за трговија и снабдување
Д. Бојановски с. р.

Согласен:
Заступuе, Министерот на земјоделието на НРМ
К. Симовски с. р

**110**

Врз основа на точка 1 од Решението на Министерството за трговија и снабдување на ФНРЈ за одредување нежитородните подрачја и продавањето на пченка на земјоделците од тие подрачја во врзаната трговија (Службен лист на ФНРЈ Бр. 27/48 год.) издава следното

## РЕШЕНИЕ

**за изменение и дополнение на Решението на ова министерство Бр. 6702 од 21 IV 1948 год. за одредување околии и места во поедини околии како нежитородни подрачја на територијата на НР Македонија**

1

Точка 1 под 11) од Решението на ова министерство Бр. 6702 од 21 IV 1948 год. се дополнува и гласи:

**„11. Околија Кочанска"**

„Бели, Нивичани, Пашаниково, Пантелеј, Долно Градче, Горно Градче, Лешки, Јастребник, Приспор, Костин-Дол, Небојане, Речани, Ново-Село, Главовица, Полаки, Пресека, Цера, Долно Оризари, Горно Оризари, Вранинци, Истибања, Бекиково, Калиманци, Грдани, Тревне, Рекланци, Драгобраште, Лаки, Блатец, Липец, Градец, Виница, Лески, Јакимово, Цри-Камен, Виничка Црква, Зрновци, Бања, Соколарци, Гидовци, Прибачево, Теранци, Мородвис и Видовиште".

Точка 1 под 15/2 од истото Решение се изменува и гласи:

**15. Околија Охридска**

„Љубаниште, Велгошти, Рамне, Лесковец, Требатипа, Речица, Свињиште, Плака, Опеница, Завој, Куратица, Сирула, Брежани, Песочани, Црвена-Вода, Слатина, Мраморица, Турје, Сливово, Арбиново, Годивје, Лактиње, Врбјани, Пештани, Елшани и Коњско".

3

Точка 1 под 11) од Решението на ова министерство Бр.

**24. „Околија Штипска"**

„Грешка, Јамуларци, Хаџи-Амизали, Елекларци, Доброшани, Тестемелци, Сушево, Степанци, Суво-Грло, Ново-Село, Брест, Долани, Љуботен, Чифлик, Литов-Дол, Батање, Г. Балван, Лесово, Ерџелија, Рудак, Козјак, Пишичани, Караорма, Мал-Габер, Голем-Габер, Курфали, Одани, Радање, Калаузли, Канекчели, Јанузли, Кучилат, Кучица, Ппиализи, Дуратли, Ебелли, Мичак, Витешка, Шашаварлица, Николман, Колонетровци, Кошево, Почивало, Драгојево, Селце, Хаџи-Реџепли, Пепуш, Софилари, Саџи-Сејадели, Лаковица, Балдалија, Танатарци, Горачино, Г. Трогерци и Судик.

4

Ова Решение станува на снага веднаш.

Бр. 3749, 19 V 1948 год.

Министер за трговија и снабдување,
Д. Бојановски с. р.

**111**

**Врз основа чл. 3 од Уредбата за фондот на раководството на претпријатијата (Фонд на раководството) и Централниот фонд на претпријатијата (Централен фонд) на државните откупни претпријатија („Службен весник на НРМ" бр. 25/47), донесувам**

## РЕШЕНИЕ

**За основниот постоток на допринос за фонд на раководство за 1947 година на државните откупни претпријатија кои што се занимаваат со откуп на овоштие, зарзават, млеко и млечни производи:**

**1. — За претпријатија кои што се занимават со откуп и продажба на овоштие зарзават се одредува основен постоток на допринос за фондот на раководство за 1947 год. и това:**

**а) за Градско стопанско претпријатие „Витамин"-Титов Велес 0,42%**

**б) за Градско стопанско претпријатие „Градинар", Скопје 0,15%**

**в) за Републиканско стопанско претпријатие „Стокопромет" 0,10%**

**2. — За претпријатијата кои што се занимават со откуп и продажба на млеко и млечни производи се одредува основен постоток на допринос за фондот на раководство за 1947 год. и това:**

**а) за Градско стопанско претпријатие месо-млеко „ШАР", Скопје 1,10%**

**б) за Републиканско претпријатие „Сточар", Скопје 0, 50%**

**3. — Горните постотоци на доприносот за фондот на раководството побројаните претпријатија к'е ги применат при заклучокот на работните книги за 1947 год. и к'е го обрачунаат од остварениот промет за овоштие и зарзават и млеко и млечни производи през 1947 год.**

**4. — Оваа Решение влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на НРМ".**

**Бр. 3173 од 22 мај 1948 год. Скопје**

**Претседател
на Планска комисија
К. Миљовски с. р.**

## СОДРЖИНА


| Рег. бр. | | Стр. |
|---|---|---|
| 104 | Времен правилник за полагање на завршен испит во економските техникуми на НР Македонија во учебната 1947/48 год. | 119 |
| 105 | Времен правилник за полагање на завршен испит во средните земјоделски училишта во учебната 1947/48 година | 122 |
| 106 | Наредба за државните (сврзани) цени на езерската и речната риба од река Вардар Треска и Црна Река и за претпријатијата овластени за откуп на истите на подрачјето на НР Македонија | 124 |
| 107 | Наредба за задолжително пријавување и предавање на животинските технички масноти на подрачјето на НР Македонија | 125 |
| 108 | Решение за одредување претпријатија кои што к'е откупуваат сирови кожи и индустриски билки и семенска стока на подрачјето на НР Македонија | 125 |
| 109 | Решение за државните сврзаните цени на арпаџикот на подрачјето на НР Македонија | 125 |
| 110 | Решение за изменение и дополнение на Решението на Министерството на трговијата и снабдувањето на НРМ бр. 6702 од 21 IV 1948 год. за одредување околии и места во поедини околии како нежитородни подрачја на територијата на НР Македонија | 126 |
| 111 | Решение за основниот постоток за фонд на раководството за 1947 година на државните откупни претпријатија кои што се занимаваат со откуп на овоштие, зеленчук, млеко и млечни производи | 126 |


Издава: Службен весник на Народна Република Македонија — новинско издателско претпријатие. Директор и одговорен уредник Љубомир Б. Исаиев — Скопје, ул. Маршал Тито бр. 10 — Тел. 696. Печатница „Гоце Делчев" Скопје